НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE

# НОТАРИУС

ISSN 1857-5854

ГОДИНА 8 • БРОЈ 10 • СЕПТЕМВРИ 2008

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE

# НОТАРИУС

НОТАРИУС БРОЈ 10

**СВЕЧЕН БРОЈ НА "НОТАРИУС" ПО ПОВОД**

**10 ГОДИНИ НОТАРСКА КОМОРА**

**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# НОТАРИУС 10

Издавач:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Главен и одговорен уредник:
**Нотар ЉУБИЦА МОЛОВСКА**

Редакциски одбор:
**Нотар МАТИЛДА БАБИЌ**
**Нотар ВАСИЛ КУЗМАНОВСКИ**
**Д-р ФИДАНЧО СТОЕВ** • судија во пензија
**РАНКО МАКСИМОВСКИ** • судија во пензија
**ТЕОФИЛ ТОМАНОВИЌ** • судија во пензија

Адреса:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Скопје, ул. "Даме Груев" бр. 28/5
Тел.: 02 3115 816
Факс: 02 3239 150
**e-mail: nkrm@mt.net.mk**
**www.nkrm.org.mk**

Жиро сметка: 240010000006382
Даночен број: МК 4030998346127
УНИ БАНКА АД Скопје

Лектура: **ДАНИЕЛ МЕДАРОСКИ**

Фотографии:
**Фото студио "ЈАСМИНА"**

Дизајн: **СТУДИО КРУГ Скопје**

Печати: **МАРИНГ Скопје**

Тираж: **350 примероци**




# СОДРЖИНА

ВОВЕД ....... 6

СВЕЧЕНА СЕДНИЦА 10 ГОДИНИ РАБОТА НА НОТАРСКА КОМОРА НА Р. МАКЕДОНИЈА ....... 8

ОБРАЌАЊА ....... 10

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РМ, ЗЛАТКО НИКОЛОВСКИ ....... 10

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА НА Р. МАКЕДОНИЈА, МИХАЈЛО МАНЕВСКИ ....... 17

ИВАН МАЛЕКОВИЌ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ХРВАТСКА НОТАРСКА КОМОРА ....... 20

ЕРИКА БРАНИСЕЉ, НОТАРСКА КОМОРА НА Р. СЛОВЕНИЈА ....... 21

САЊА ИВИЌ, НОТАРСКА КОМОРА НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ....... 23

ИЛИЈА ИВАНОВ, НОТАРСКА КОМОРА НА Р. БУГАРИЈА ....... 24

ИСЛАМ МУСОЛИ, ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА Р. АЛБАНИЈА ....... 26

АНТЕ ИЛИЌ, ПОРАНЕШЕН ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЈАВНОБЕЛЕЖНИЧКА КОМОРА НА Р. ХРВАТСКА ....... 27

НЕНАД ЈАНИЌЕВИЌ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АДВОКАТСКА КОМОРА НА Р. МАКЕДОНИЈА ....... 30

Д-Р. ДИМКО МИЛЕНКОВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРАВНИЦИ НА Р. МАКЕДОНИЈА ....... 32

ПОЗДРАВНИ ТЕЛЕГРАМИ ....... 37

ПИСМОТО ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ДРЖАВАТА, ГОСПОДИН БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ ....... 39

ПИСМОТО ОД ТУРЦИЈА ....... 40

СОСТАВИ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИ ОДБОРИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА НОТАРСКА КОМОРА НА Р. МАКЕДОНИЈА ....... 45

НАГРАДИ И ПОФАЛБИ НА НОТАРИ НА НОТАРСКА КОМОРА НА Р. МАКЕДОНИЈА И НА ДРУГИ ЛИЦА ....... 48

МЕДАЛИ ....... 49

ПОЧЕСНИ МЕДАЛИ ....... 50

ПЛАКЕТИ ....... 54

БЛАГОДАРНИЦИ ....... 66

ЗЛАТНИЦИ ....... 69

ИМЕНИК НА НОТАРИТЕ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ....... 83

# ВОВЕД



**Почитувани читатели на "Нотариус", почитувани колеги!**

*На 15-ти Јуни 1998 година започнаа со работа првите нотари во Република Македонија.*

*Денес на 15 Јуни 2008 година се навршија десет години од втемелувањето на нотаријатот во правниот систем на нашата држава.*

*Од самиот почеток па до денес, како резултат на професионалниот однос кон работата, почитувањето и спроведувањето на законите, нотарите полека но сигурно, стекнувајќи ја довербата на граѓаните и институциите во државата, го заземаа своето место во правниот систем во Република Македонија.*

*Како резултат на нашите усилби во развојот на нотаријатот на 30 Септември 2001 година во Атина, Република Грција, на Конгресот на Меѓународната унија на Латинскиот нотаријат бевме примени за рамноправен член на унијата како Нотарска Комора на Република Македонија.*

*Како резултат на ефикасноста и исполнувањето на доверените работи, кои преминаа од судот во надлежност на нотарите, нотаријатот стана нужен и неодминлив дел од правниот живот.*

*Денес со гордост можеме да констатираме дека нотаријатот стана значаен сегмент на нашата држава.*

*Со доверување на новите надлежности, секогаш спремни за соработка, притоа строго почитувајќи ги законските одредби , ќе се трудиме да ја оправдаме стекнатата доверба.*

***Десетиов број на Нотариус ќе го посветиме на значајниот Јубилеј за Нотарската комора, 10 години постоење на нотаријатот кај нас.***

*Дел од првонаименуваниот нотаријат*



*Вашето внимание во овој број ќе го задржиме на Свечената седница која се одржа на ден 14.06. 2008 година, на која свое излагање покрај*

Председателот на нотарската Комора Г-дин Златко Николовски, имаа:

Г-дин Михајло Маневски, - Министер за правда на Р. Македонија

Г-дин Иван Малековиќ, - Председател на Јавно биљежничка Комора на Р. Хрватска;

Г-ѓа Ерика Бранисељ, - претставник од нотарската комора на Р. Словенија

Г-ѓа Сања Ивиќ, - од нотарската комора на Босна и Херцеговина

Г-дин Илија Иванов, - член на Советот на Нотарската комора на Р. Бугарија;

Г-дин Ислам Мусоли: - Заменик претседател на Нотарската комора на Р. Албанија;

Г-дин Анте Илиќ: - поранешен Претседател на Јавно биљежничка Комора на Р. Хрватска;

Г-дин Ненад Јаниќиевиќ, - Претседател на Адвокатска комора на Р. Македонија;

Г-дин д-р. Димко Миленков, - Претседател на здружение на правници на Р. Бугарија;

Од уредниците:

Љубица Моловска          Матилда Бабиќ          Васил Кузмановски



НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE

# СВЕЧЕНА СЕДНИЦА 10 ГОДИНИ РАБОТА НА НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Г. ЗЛАТКО НИКОЛОВСКИ




ЗЛАТКО НИКОЛОВСКИ
Претседател на Нотарска Комора
на Република Македонија

Господине министре, почитувани гости, драги колешки и колеги

Како и за секоја годишнина, традицијата бара излагањето да биде потсетување на поминатиот пат со постигнатите успеси и, понекогаш, со доживеаните разочарувања.
Кога се работи за НКРМ, верувам, сепак, дека не ќе може да се искаже поискрено почитување, не ќе може да се даде поубав доказ за довербата, од гледањето не во историјата, туку во иднината.

Но, не плашете се дека ќе ги потценам постигнувањата во изминатата деценија. Јас ќе ги спомнам нив, не само како охрабрување за да се преземат ризиците на професијата, туку и како гаранција на успесите кои неминовно ќе дојдат.

Како чувари на меморијата на граѓанското општество, нотарите најдобро знаат дека паметењето е основ не севкупното постапување. И најмалку поради носталгијата за изминатите времиња, се интересираме за

поминатиот пат, бидејќи нема да се знае каде се оди, доколку се игнорира од каде се доаѓа. Оваа потреба е уште поголема, бидејќи нотаријатот сака да знае зошто е таму каде што е и зошто е она што е или, поинаку кажано, како на најдобар начин да одговори на општествените потреби. Иднината е исткаена од непредвидливи нешта и таа ја бара целата интелигенција на сегашните и идните нотари, но таа не ќе може да биде градена, доколку не се потпира на искуството на изминатиот пат.

Ако тргнете од никаде, никаде нема да стигнете.

Затоа не би можел подобро да го оправдам моето одушевување за поминатиот децениски пат на нотаријатот во РМ, од спомнување на неколку историски факти.

Нотарската комора на Република Македонија бележи десетогодишно постоење. Тоа сигурно не е голема временска дистанца. Но, за нас, нотарите, е значајна и затоа ѕ приоѓаме со почит. Во Република Македонија има 130 нотари. Тоа е мала и релативно незабележлива група. Дел од јавноста можеби се уште и не е доволно запознат со функцијата на нотарската канцеларија и со важноста на услугите овозможени од нотарот. Вооружени со нашиот печат, ние ги заверуваме сите тие документи кои овозможуваат работите да се одвиваат непречено. Луѓето ни веруваат и очекуваат од нас документи кои се неспорни и веродостојни. Без нотарите, потписите на многу документи можеби не би вределе повеќе од хартијата на која се ставени.

Како нотари, имаме богата и фасцинантна историја.

Називот НОТАР потекнува од од латинскиот збор „Notarius", што значи писар. Потеклото на нотарите допира до старата Римска Империја. Римскиот нотар бил високообразована личност во време кога исклучително малку луѓе знаеле да читаат и пишуваат. Тој бил јавен службеник на кого му била доверена должноста да дава правна помош, да издава и да потврдува документи и да ги чува службените архиви. Странките кои сакале да формализираат определено правно дело оделе кај нотар. Нотарите биле почитувани поради нивното познавање на правото и луѓето во кои длабоко се верувало поради нивните професионални високоетички стандарди. Нотарите давале секаква потребна правна помош. Како непристрасен јавен службеник, тој ја контролирал правната работа за да обезбеди рамноправна заштита на двете страни. Потоа го издавале потребниот документ, а оригиналот го задржувале заради сигурноста во својата архива.

Нашиот печат има многу важно место во историјата. Во период на широкораспространета неписменост, користењето на печатот го заменуваше пишаниот потпис. Жежок восок се накапуваше на документот и печатот се втиснуваше во восокот. Документот, подготвен и запечатен од нотарот, се

сметаше за автентичен. Документите со повеќе страници се дупчеа и се поврзуваа со емственик за да се спојат сите страни. Потоа се ставеше восок преку јазолот од емственикот и ќе се втиснеше печатот, така што ниту една страна не можеше да биде додадена или одземена. Нашата дефиниција на зборот печат е изведена од ова дејствие. Зборот означува „да се обезбеди" или „да се заокружи".

Важно влијание во еволуцијата на нотарите беше и влијанието на христијанската црква. Кога Константин станал римски император, тој христјанството го направил државна религија. Црквата развивала сопствени закони, судови и административна практика која се обликувала спрема Римскиот правен модел. Црквата и државата биле во блиски односи со векови. Црквата имала право да одлучува во споровите помеѓу христјаните преку своите сопствени судови, а одлуките биле признавани од римската држава. Преку Црквата, државата добивала парични подароци, а на црквата ѝ било овозможено да прима легати. Таа станала многу богата со земја, куќи и други имоти. Сето тоа налагало користење документи заверени од нотарите. Од тие причини, многу свештеници станале нотари.

Следната важна точка во нотарската историја беше италијанската ренесанса. Средновековната Италија беше земја на силни градови-држави. Во нив имаме повторно оживување на интересите во севкупната култура од страна на писари-професиналци, особено од учители, адвокати и секогаш присутните нотари. Нотарите во тоа време биле комбинација на сметководители, адвокати и јавни записничари.

За значењето на правната институција „нотаријат" во средниот век, најдобро говори дубровничкиот нотар од 15-тиот век - Бартоломеј де Сфондратис, магистер и „notaries imperial auctoritate", каква титула добил од царот Фридрих III. Во 79-тиот кодекс на серијата „Diversa notarie" за нотаријатот запишал:

„Бидејки за зачувување на оноа што како посакувано помеѓу смртниците се договори најпогодни се исправите осигурани со веродостојни овластувања, оштроумноста на човечката природа, водејки сметка за несталноста на смртниковото паметење, за да оноа што ке се направи помеѓу договорните страни не би паднало во заборав, ја измисли службата на нотаријатот, како би тоа што се сака договорило и долговечно чувало како јавен спис".

Модерниот европски (латински) нотаријат се родил во северна Италија. Бил дефинитивно признат за времето на царот Фридрих Барбароса и папата Александар III. Од Италија се ширел низ Европа во неколку правци.

Не може да се говори за историјата на нотарство, а да не спомне францускиот т.н. закон од Вентоз, донесен во 1803 година, прв модерен

европски закон за нотаријатот, основ на сите подоцнежни закони низ Европа.

Накратко би го спомнал и фактот дека нотарските канцеларии дејствувале и во периодот на Кралството на СХС и на Кралството Југославија во склоп со соодветен закон преземен од Австрија. Нов и мошне обемен и сеопфатен, Законот за јавните бележници, со 15 глави и 253 членови, донесен е на 30 септември 1930 година. Со создавањето на ФНР Југославија, уште 1945 година се донесува Одлуката за укинување на нотарите и нотарските комори, а во 1946 година се донесува и закон со ист наслов.

Но, во досегашниот развој на нашата држава немало институција нотар. По осамостојувањето на РМ, со донесувањето на Уставот од 1991 година, со кој се инаугурира граѓанското општество, ориентирано кон пазарна економија, нужна беше радикална реформа, не само во економскиот, туку и во правниот систем на земјата. Се појави потреба од пренесување на некои управни и судски работи во надлежност на други служби, на што упатуваа и искуставата на другите држави. Конкретно, се јави потреба за воведување јавна служба за вршење на нотарските работи. Тоа се оствари со донесувањето на ЗВНР, објавен во Сл. весник на РМ бр. 59/96, а започна со примената на 1 октомви 1997 година.

ЗВНР за своето е време успех, а за нас почеток. Тој, како еден општествен орган, ја даде неговата трајна дефиниција. Тој донесе еден кохерентен одговор на очекувањата на RES PUBLICA, но и на јавноста, создаден за да биде во служба на граѓаните на РМ. Тој е производ на една интелектуална култура и професионално искуство, во земја секогаш спремна да ги послуша и туѓите искуства.

Првите нотари во РМ почнаа со работа на 15 јуни 1998 година, а набргу потоа, во август, истата година, беше основана и Нотарската комора на Република Македонија, заедно со другите органи и тела.

Основана со цел да ја претставува професијата пред државните органи, таа стана чувар на професионалниот углед и честа и националната нотарска институција по која нотарите се препознаваат.

Дејноста, која денеска ја вршат нотарите во РМ, беше во надлежност на судовите во вонпарнична постапка, а еден дел и во надлежност на управните органи. Според стариот закон за редовните судови, вонпроцесните работи коишто одговараат на нотарските работи, во најголем број случаи беа ставени во надлежност на тогашните општински судови, како што се заверките на потписите, преписите и земањето на изјавите. Со донесувањето на тогаш новиот закон за судовите, дадено е решение дека вонпроцесните работи судовите ќе ги вршат само по исклучок. Согласно со таквото решение, одделните вонпроцесни работи со закон се овозможува да преідат во надлежност на

друг орган или на друга институција, со што беше овозможено системско решение неспорните работи да се опфатат со ЗВНР.

Воведувањето на нотаријатот во РМ позитивно се одрази врз целокупното функционирање на правниот систем - го олесни правниот промет, овозможи давање на некои правни услуги кои порано не беа давани, а што особено влијаеше врз унапредувањето на превентивната правна заштита, затоа што со своето дејствување тоа придонесува за правната сигурност и одбегнувањето спорови. Имено, стручноста на нотарите и нивната обврска да им укажуваат на странките на правните последици од правните работи што сакаат да ги склучат и грижата за тоа да се утврди нивната вистинска волја, придонесуваат за квалитетот на актот што го составува нотарот, а со тоа се намалува бројот на можните спорови во толкувањето на тој акт во поглед на правата и обврските на учесниците во правниот однос што се уредени со него.

Со воведувањето на нотаријатот, како самостојна, стручна, непристрасна и независна јавна служба, во голема мера се олесни остварувањето на правата во одредени спорови, а во поголем број случаи се елиминира потребата од водењето парница.

Со тоа, се растоварија судовите и управните органи (за оние работи кои преминаа во надлежност на нотарите), од една страна, а граѓаните побрзо и поефикасно и поедноставно ги остваруваат своите права, од друга страна. Доброорганизираната нотарска служба овозможи граѓаните без никакво чекање, брзо и квалитетно, да ги остваруваат правата. Ги снема долгите редови и туркања по судовите. Зголемена е правната сигурност. Со признавањето на нотарските исправи да имаат својство на јавни исправи, а особено во случаите кога нотарската исправа има својство на извршна исправа, избегнато е водење парнична постапка и директно може да се бара извршување, со што се овозможува брза, сигурна, лесна и економична заштита на правата на граѓаните.

Постоењето на нотаријатот во РМ има посебно значење и за меѓународноправните односи. Ова е така од причина што под услов на реципроцитет, нотарските исправи издадени во странство имаат иста правна важност како да се издадени согласно Законот за нотаријат.

ЗВНР, како и постојниот Закон за нотаријат, ги имаат прифатено принципите на латинскиот нотаријат. Тој може да се дефинира како комбинација на јавен карактер на службата и нејзино вршење од страна на висококвалификувани лица кои самите го поднесуваат ризикот на својата работа и на посебна организациска форма со посебно висока содржина и државно значење.

Пристапувањето во службата, службеното седиште и подрачјето, како и самата работа на нотарите, се

повеќекратно зависни од државата, односно од нејзината контрола. Поради јавниот карактер на службата, нотарите се непристрасни повереници на странките кои не можат да го одбијат преземањето на службените дејствија. Вака устроениот нотаријат во РМ има свои карактеристични обележја на слободна професија, а тоа е: непостоење одредена клиентела, можност за ограничена конкуренција, наплата на наградата и трошоците од клиентот, поднесување на трошоци за работа на канцеларијата, одговорност и плаќање штета предизвикана на странката.

Јавниот карактер на нотарската служба и нејзината улога во склопот на превентивна правна заштита влијае и на дефинирањето на положбата на носителите на таа служба на начин на кој има доста сличности со судскиот статус. Нотарите се непристрасни повереници на странките. Тие својата дејност ја вршат на барање на странките, преземаат службени дејствија, независно од нивната волја, односно дејствуваат по службена должност, а не врз основа на налог, како на пр. адвокатите.

Државата ни даде огромна јавна доверба. Затоа е единствено соодветно да се придржуваме до највисоките морални и професионални стандарди. Државата бара внимателни, совесни, високопрофесионални луѓе кои обрнуваат внимание и на најмалите детали. Република Македонија ни довери овластувања кои длабоко задираат во правата на граѓаните. Република Македонија сака да биде сигурна дека ги поседуваме потребните својства. Со поголемите овластувања, доаѓаат поголеми одговорности.

Македонските нотари се вклучени во системот на Латинскиот нотаријат, што беше потврдено и со приемот на НКРМ во Унијата на Латинскиот нотаријат на Конгресот во Атина на 30 септември 2001 година. Ова е голема чест, но истовремено и голема обврска за нас - нотарите од Република Македонија.

НКРМ е веќе цврсто позиционирана во телата на Унијата. Членка е и активен учесник во Комисијата за европски прашања, каде се реферира за сите законски новини во земјите членки, се учествува во изработка на стручни материјали со останатите членки во рамките на поткомисиите и се врши промоција и интегрирање на македонскиот нотаријат, НКРМ има претставник во Генералниот совет на Светската унија, тело кое ги донесува сите стратешки и кадровски одлуки кои се однесуваат на сите тела на Унијата, а членка е и на организацијата на франкофонските нотаријати.

Како што може да се види, нотарите имаат долга историја. Оваа професија се одржа, бидејќи секогаш беше способна да се прилагоди на промените. И ние ќе мора да се прилагодуваме на промените кои се наѕираат и кои ги донесува технолошкиот развој. Денеска изразот „лично присуство" значи буквално

физичко присуство на странката во нашата канцеларија. Но новите технологии, како што се електронскиот потпис, видеоконференција и сл. веројатно ќе ја прошират дефиницијата на лично присуство со потпишување на документот со електронски потпис преку интернет, или присуство на странките на екраните на нашите компјутери по пат на видеоконференција. Можеби во догледно време ќе користиме тродимензионален холографски печат или можеби бар-код, кодиран во нашиот компјутер.

Начинот на кој ја вршиме нашата должност и нашите одговорности ќе се менуваат, но нотарите се тука за да останат. Низ историјата бевме и остануваме витален дел на правниот и деловниот свет. Во тие светови секогаш ќе има потреба за чесни, високообразовани, непристрасни јавни службеници кои од ден на ден ќе ги олеснуваат преземените деловни и правни активности.

Во светлината на сето постигнато во изминатите десет години, мора да им се искаже почит и благодарност на творците на ЗВНР, кои го вложија својот правнички талент и силината на своите убедувања, на оние кои и денес даваат голем придонес во развојот на нотаријатот - г. Драган Тумановски, судија во Врховниот суд на РМ, г. Арсен Јаневски, проф. на Правниот факултет во Скопје, г. Ранко Максимовски, судија во Врховниот суд во пензија.

Како, исто така, да не му искажам топла благодарност и на министерот за правда, г. Михајло Маневски, кој за целиот негов мандат го придружува нотаријатот и помага за неговиот прогрес.

Како, а да не се искаже почит и кон сите оние поранешни министри за правда, професори, судии, адвокати, стручњаци од Министерство за правда, мои колеги нотари, вработените во нотарските концеларии, кои беа вклучени и придонесоа во развојот на нотаријатот како дел на правосудниот систем во РМ.

Дами и господа, скромно, како што секој од нас верува дека може да се претендира на свое место во развојот на правосудството во РМ, генерациите правници пренеле на нас, кои ги следиме, љубов кон правото и приврзаност кон правдата. Тоа е нашиот долг кон новите генерации правници.

Скопје,15 јуни 2008 година,
х. Александар палас.



МИХАЛО МАНЕВСКИ
Министер за правда
на Република Македонија

**Почитувани дами и господа,
почитувани колеги!**

Особена чест и задоволство ми е како министер за правда, во името на Министерството за правда, на Владата на Република Македонија, да ви го честитам 10-годишното работење на нотаријатот во Република Македонија.

По осамостојувањето на Република Македонија нужна беше реформа не само во економскиот, туку и во правниот систем на земјата. Се наметна потребата од пренесување на некои управни и судски функции во надлежност на други служби на што упатуваат и искуствата од други земји. Конкретно се јави потребата од воведување јавна служба за вршење нотарски работи.

Законот за вршење на нотарските работи ("Сл. весник на РМ" бр. 59/96) стапи во сила на 1 октомври 1997 година. Изменет е на 12 јуни 1998 г. и на 06 јуни 2006 година. Со донесувањето на Законот за вршење на нотарските работи се пренесе дел од надлежноста на судовите од вонпроцесна постапка и дел од надлежноста на управните органи во надлежност на нотарите. Воведувањето на нотаријатот позитивно се одрази врз целокупниот јавен систем во Република Македонија.

Нотарот при вршењето на нотарските работи придонесе за намалување на бројот на судските спорови со што се овозможи поголема правна сигурност и заштита на граѓанинот.

Нотарот, уште при склучувањето на правната работа и дефинирањето на односот меѓу странките, ја обезбедува онаа правна заштита што судовите можат да ја дадат дури при решавање на спорот.

Воведувањето на нотаријатот го оправда и долготрајното и непријатно чекање за заверка пред судовите, така што со добро организирана нотарска служба се придонесе да се избегне ова. Со признавањето нотарската исправа да има својство на јавна исправа, а особено со признавањето да има својство на извршна исправа, директно може да се бара извршување со што се овозможува сигурна, брза, лесна и економична заштита на правата. Ова претставува голема придобивка за граѓанинот кон заштита на неговите права, а од друга страна му се дава поголема улога и значење на нотаријатот.

Министерството за правда првите нотари ги именува во јуни 1998 година, така што по исполнувањето на законските услови и именувањето на 50 нотари, беше формирана Нотарската комора на Република Македонија.

Имајќи го споредбеното искуство од земјите кои веќе го имаат латинскиот нотаријат и земјите кои за првпат го воспоставуваат ваквиот нотаријат и нивните позитивни искуства, Република Македонија го прифати латинскиот нотаријат кој подразбира одвоеност и самостојност на работите на нотарот.

Со оглед дека Законот за вршење на нотарските работи неколку пати беше менуван и дополнуван, се донесе нов закон за нотаријат на 12.05.2007 година, во кој е изменет самиот назив, како термин прифатен од повеќе европски земји, а кој го задржа концептот на латинскиот нотаријат.

Со новиот закон се зголеми и подобри квалитетот на работата на нотарите и условите на граѓаните и другите корисници, се постигна јакнење на правната сигурност, намалување на споровите пред судовите и подигање на одговорноста на нотарот при вршењето на нотарската служба.

Исто така со новиот закон се предвидоа мерки за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, а финансирање на тероризмот е една од областите која досега не беше регулирана во нотаријатот.

Заради изложените причини, неопходно беше да се пристапи кон подготвување нова законска рамка со која на посоодветен начин ќе се уреди нотаријатот.

Се предвидоа одредби со кои мошне строго се определува водењето на дисциплинската постапка со можност за разрешување, доколку нотарот со своето постапување направил штета поголема од 50.000 евра, со што би се обезбедила поголема заштита на граѓанинот во остварување на неговите права во правниот промет со овозможување за негово обештетување во случај на штета причинета од нотарот.

Со стапувањето во сила на преодните и завршните одредби од

Законот за вонпарнична постапка започна да се применува главата ВИИИ - Нотари како повереници на судот, при што судот ќе им ги довери на нотарите оставинските предмети.

Во досегашното функционирање на нотаријатот, Министерството за правда досега има објавено 23 конкурси за именување на нотари на целата територија на Република Македонија, по кои се именувани 135 нотари, од кои 128 нотари ја вршат функцијата нотар, двајца нотари се привремено оддалечени од вршење на службата, а пет нотари се именувани, кои наскоро ќе започнат со работа. Со Правилникот за бројот и распоредот на службените седишта на нотарите во Република Македонија зголемен е бројот на нотарите и се предвидени вкупно 219 нотари за подрачјето на цела Република Македонија.

Со донесувањето на Законот за нотаријатот објавени се пет правилника, и тоа: Правилник за нотарската тарифа; Правилник за бројот и распоредот на службените седишта на нотарите во Република Македонија; Правилник за работното време на нотарските канцеларии; Правилник за полагање нотарски испит; Правилник за утврдување на опремата и просториите потребни за вршење на нотарската служба.

По донесувањето на новиот Закон за нотаријатот, произлезе потреба од натамошно доградување на нормативни решенија во нотаријатот и изнаоѓање инструменти, со кои ќе се овозможи нотарот да ги презема нотарските дејствија законито, совесно, чесно, со што му се овозможува поголема сигуруност на граѓанинот во остварување на своите права во правниот промет.

Исто така, со предлогот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот предвидена е одредба за нотарската тарифа, а износот на таксата е намален за 75 % во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Имајќи го предвид значењето на нотаријатот како јавна служба, Министерството за правда, како координатот на поглавјето 23 - Правосудството и фундаменталните права, започна подготовка во однос на Ревизијата на националната програма за усвојување на Правото на ЕУ (НПАА), во која се разработува и одредбата за нотаријатот, како самостојна, независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувња врз основа на закон по барања на граѓаните, на државните органи, на правните лица и на други заинтересирани институции.

Почитувани дами и господа,

на крајот сакам да Ви ја честитам 10-годишнината од постоењето на нотарската служба и вам, нотарите, како носители на функцијата нотар и да Ви изразам почит што успеавте во соработка со Министерството за правда да ги надминете предизвиците и да го издигнете нотаријатот на ниво на кое е Латинскиот нотаријат во европските држави.

# ОБРАЌАЊЕ НА ИВАН МАЛЕКОВИЌ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ХРВАТСКА НОТАРСКА (ЈАВНО БЕЉЕЖНИЧКА) КОМОРА

ИВАН МАЛЕКОВИЌ
Претседател на Хрватската нотарска (јавно бељежничка) комора



Почитуван господин претседателе, почитуван господин министер, високи гости, драги колешки и колеги! Имам посебна чест и задаволство да ве поздравам во името на членовите на Хрватската нотарска комора и во своето име. 10 години работа е еден исклучителен јубилеј и сите ние денес имаме привилегија да присуствуваме на тој момент, а вие знаете дека 10 години веќе никогаш нема да се слават. Хрватската нотарска комора по пат на својот Управен одбор кој се состана во Шибеник во месец мај, одлучи во чест на вашиот голем јубилеј на Нотарската комора на Македонија да врачи една благодарница, благодарница за овие 10 години соработка. Јас сега ја користам приликата на драгиот пријател и претседател на вашата комора да му ја врачам таа благодарница, а причините зошто сме ја врачиле, ќе ви ги каже најкомпетентната личност за тоа, нашиот поранешен претседател на Комората и почесен член на Комората, господинот Анте Илиќ, откако ќе му ја врачи благодарницата на драгиот колега Златко.

Повелете!

# ГОВОР НА ГОСПОЃА ЕРИКА БРАНИСЕЉ, НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА



ЕРИКА БРАНИСЕЉ
Нотарска Комора
на Република Словенија

Почитувани господине министер, господине претседател, драги колешки и колеги!

Кога денес наутро слетав од Букурешт во Скопје, си реков: "Ах, пак сум дома!" Кај вас се чувствувам фантастично, затоа што знам дека доаѓам кај пријателите, кои с уште имаат сонце во душата, а за жал Европа тоа сонце го изгубила.

Драги колеги, Ви ја честитам вашата 10-годишнина. Исто така и јас би посакала, како и поранешниот претседател на Нотарската комора на Република Хрватска, да го истакнам вашиот голем напредок во подрачјето на нотаријатот. Не само, дека ние, еден мал дел сме го вложиле во вашата едукација, туку би сакала да истакнам дека по мојата тогашна посета, утврдив дека имате фантастичен регистар на залоги (за да ме разберете) - се надевам, и тоа по заслуга на вашиот фантастичен професор Јаневски.

Навистина и ние многу научивме од Вас, драги колеги, екипата на македонските нотари на чело со

професорот Јаневски (веројатно погрешно акцентирам), кој дојде во Љубљана на факултетот Равен, каде што се наоѓа и Нотарската комора, којашто организира образование за целата влада, како и за нотарите.

Би сакала да истакнам уште нешто, Словенија, Македонија, Хрватска, Босна... видете, 50 години живеевме во истата држава, нашите стопанства се поврзани, голем број Македонци се во Словенија и многу Словенци се во Македонија - ова не смееме да го заборавиме. Мораме да се трудиме сите заедно да си помагаме на овој мешан закон и на подрачјето на стопанството, така сите учествуваме за поголема правна сигурност во сите држави на поранешна Југославија. Тоа е и нашата обврска и јас сум сигурна дека Вие, нотарите - секој поединец, придонесовте во Република Македонија за основањето на правниот систем и исто така за подобро функционирање на судството.

Апелирам до Вас и понатаму да останете амбасадори на правдата и доброто правно знаење на подрачјето на Република Македонија.

Ви благодарам и при оваа прилика сакам на Претседателот да му ја врачам Нотарската заклетва на Република Словенија и една фотографија на градот Шкофја Лока.

Ви благодарам!

# ГОВОР НА ГОСПОЃА САЊА ИВИЌ, НОТАРСКА КОМОРА НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА



САЊА ИВИЌ
Нотарска Комора
на Босна и Херцеговина

Ценет претседателе, ценети гости, драги колеги, што да ви кажам, Босна и Херцеговина има нотаријат само една година, и нашата комора прослави годишнина. Во таа година, Вие бевте некој кој ни помогна, вашата комора беше таа што ни даде поддршка. Затоа имам посебно задоволство денес пред Федералната комора на Босна и Херцеговина да ви врачам еден подарок. Подароците се сребреници од Босна и Херцеговина со желба следните 10 години тие да бидат златници.

# ИЛИЈА ИВАНОВ, НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

ИЛИЈА ИВАНОВ
член на Советот на Нотарска Комора
на Република Бугарија



Дозволете ми од името на вашите колеги, бугарските нотари, од претседателот на Нотарската комора во Република Бугарија, г. Димитар Танев и од своето име најсрдечно да ве поздравам по повод вашиот 10-годишен јубилеј.

Се покажа дека 2008 година е единствена за нашиот регион, бидејќи исто како и Нотарската комора на Република Македонија, така и Нотарската комора во Република Бугарија го празнува својот 10-ти роденден.

Десет години не е мал период, во кој нотарите со својот професионализам, со својата компетентност, успеаја да докажат дека се на ниво на општествените односи и се во состојба да ги заштитат интересите на граѓаните и правните лица во своите земји.

Реформата, која настапи во земјите од бившиот источен блок, е уникатна според својата суштина и како резултат на неа, нотарската дејност целосно помина во приватни раце. Праксата ја докажа правилноста на патот кој беше избран!

Не го нарекуваат случајно нотарот "стожер на сопственоста". Тој е тој кој ги штити интересите на своите

клиенти, без пристрасност ги применува законодавните норми, тој е гарант на правната сигурност.

Убеден сум дека нотарите на нашите две земји ги имаат неопходните знаења и имаат волја да ги применуваат и европските закони, кои во Бугарија веќе се дел од националното законодавство, а кај вас с повеќе ќе започнат да навлегуваат.

Нашите нотаријати се полноправни членови на Меѓународниот сојуз на Латинскиот нотаријат - тоа е заслужено признание за нас и н задолжува да работиме уште повредно за внедрување на нашиот романско-германски систем во повеќе земји, за зачувување на нашиот статус како "службени лица" на кои државата им наложила должности за потврдување. Ние сме заговорници на едно пишано право, на едно кодифицирано право, чиј акт го илустрира совршенството. Нашите сограѓани имаат доверба во нотарската заедница. Таа обезбедува сигурност за склучените правни зделки, кои одбележуваат големи моменти во животот на секој од нас.

Уште еднаш сакам да ве поздравам за вашиот јубилеј и да ви посакам здравје, професионален успех и енергија, за да продолжите напред по вистинскиот пат кон Европа.

# ИСЛАМ МУСОЛИ, ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА





ИСЛАМ МУСОЛИ
Нотарска Комора
на Република Албанија

Почитуван претседателе на Нотарската комора на Република Македонија, почитуван министре, почитувани гости и колеги, во името на Нотарската комора на Република Албанија ви ја честитам годишнината. Во неможност да ги слушнам сите други говорници, ве известувам дека Нотарската комора на Република Албанија е основана во 1994 година и моментално е во усовршување на Законот за нотаријат во согласност со унапредувањата на економската и правната сфера.

Исто така, бидејќи сме соседни држави, барам да имаме поголема соработка, а исто така и со другите земји коишто се присутни со нивните претставници тука. Исто така, сакаме да бидеме гости кај другите нотаријати во другите држави, а истото тоа и ние ќе го правиме во иднина. Ви посакуваме успешна работа, и да ни простите за неможноста, но подарокот ќе го добиете што побргу.

# АНТЕ ИЛИЌ, ПОРАНЕШЕН ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЈАВНОБЕЛЕЖНИЧКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА



АНТЕ ИЛИЌ
поранешен претседател на Јавнобележничка комора на Република Хрватска

Почитуван господин претседател, почитуван господин министер, дами и господа, почитувани колеги, ова е прилика, како што велат, да се евоцираат спомени, иако 10 години не е некој голем период, но е многу значаен во животот на оваа нотарска комора.

Ќе се присетам на времето пред 10 години и повеќе, во фазата на формирање на вашиот закон, Загреб ја имаше честа да го посетат три лица кои беа задолжени во правниот состав на Република Македонија да ги воведат нотарите. Тоа беа г. г. Арсен Јаневски, г. Ранко Максимовски и г. Драган Тумановски, мој драг пријател. Нашата комора имаше чест во едно наше списание да објави еден многу успешен труд кој се однесуваше на мотивите, односно на етиката на нотарите и тој труд предизвика многу внимание во нашата нотарска јавност. Значи, тие дојдоа и се заинтересираа за нашата комора и при првите контакти беше видливо дека многу добро ја познаваат таа материја и дека длабоко навлегле во таа материја и дека нотарството во Македонија е во многу добри раце. Дека тоа ќе биде многу добро осмислен и студиозно донесен закон, во што и не се излажавме, бидејќи законот наскоро беше донесен, и како што реков, во правниот состав на Република Македонија влегоа и беа инаугурирани нотарите. Тоа

не беше престанок на заедничката работа, туку почеток на еден многу близок колегијален, но исто така и пријателски однос кој се задржа до ден денес.

Потоа имавме привилегија за еден свој мал придонес во првите едукативни состаноци. Па така бевме соорганизатори на една едукација која се одржа во Македонија. Тоа беше меѓународна едукација, во која учествуваше и нашата драга колешка од Словенија, Ерика Брaнисељ, и други претставници од странство, колку што се сеќавам и господинот од Германија, и тоа беше една многу успешна едукација. А во целата работа соработуваше г. Викторијо ди Кањо, кој го делегира Светката унија на Латинскиот нотаријат да соработува во донесувањето на законот и воведувањето на нотарите во правниот состав. Па, нека ми биде дозволено во овој свечен момент да кажам и една мала шега, кога уважениот Ди Кањо разговараше со своите европски колеги, односно кога во Македонија зборуваше со италијанска верзија на хрватскиот јазик, доби признание дека многу добро зборува руски јазик, не знаејќи голегите од каде толку добро научил руски.

Потоа го задржавме континуитет со Македонската нотарска комора. На почетокот тие учеа од нас како од постар брат, а потоа ние учевме од Македонците. На пример, катастарот којшто го имаат Македонците, општата евиденција на земјишните книги и владението во земјишните книги, ние би биле повеќе од задоволни кога нешто такво би имале во Хрватска. Ова нешто е слично како онаа анегдота, кога Македонците отишле во Франција да научат како нешто се прави, а Французите кога го виделе нивниот состав, рекле: тоа е нешто што нам ни треба, ние би биле среќни кога тоа би се вовело кај нас. Значи, да не бидам претенциозен, не учеа македонските нотари од нас, туку ние исто така учевме од македонските нотари, како што учевме од словенечките нотари и како што многу научивме и од нотарите во Федерацијата Босна и Херцеговина. Тие исто така добија нотаријат, но за тоа тие ќе зборуваат, а не јас, и веќе по првите контакти, видовме дека сме научиле многу.

Често пати се поставува прашањето зошто тие меѓународни контакти. Некои од нив бе поставени кај нас, тука се меѓународните конгреси, разните состаноци на униите на работните тела, но сметаме дека е тоа повеќе од корисно. Никогаш не сме отишле на ниту еден меѓународен конгрес, а да не сме се вратиле со нови знаења, нови сознанија и нови идеи како би требало да се организира и понатаму да функционира таа служба, бидејќи ниедна служба не може да биде зацементирана во 11. век, како што почнале нотарите во таканаречениот Медитерански културен круг - секоја служба мора да се развива.

Па, само уште едно, обично се смета дека нотарите и адвокатите се во некаква колизија, дека се во меѓусебни латентни конфликти, меѓутоа во праксата се покажа дека тоа всушност не

е така. Кога е покрената иницијатива од Европската комисија во некои земји да се одземе од нотарите монополот на водење промет на недвижности, тогаш е организирана една посебна институција од Американскиот Харвард, која во Европа утврди анализа на кој начин се работи тоа и дали нешто е поевтино или поскапо. Меѓу другото, тие востановиле нешто што посебно н изненади, дека Европската адвокатска комора треба апсолутно да го задржи ставот дека и понатаму нотарите треба да ги водат земјишните книги, бидејќи се докажало дека тоа е апсолутно на прагот на правната сигурност и дека таа област мора да биде на највисоко можно ниво и дека тоа се покажало дека е неспоредливо поевтино отколку кога тоа се работи аматерски, значи кога се влегува во јавна евиденција, да не мора да се ангажира една стручна служба како што се нотарите.

Би завршил со тоа што секогаш кога доаѓав во Македонија, а по моја оценка сум бил 19 пати, секогаш доаѓав со посебно задоволство, а со уште поголемо задоволство дека ќе дојдам и следен пат, бидејќи секој пат посетите во Македонија за нас и за нашата екипа биле многубројни и незаборавни. Уште едно извинување до уважениот драг пријател Драган Тумановски, а тоа можам да го оправдам со мојата возбуда, бидејќи не ми се нуди прилика секој ден да зборувам на 10-годишен јубилеј во ваков еминентен состав, како што е овој. Ви благодарам на вниманието.

# НЕНАД ЈАНИЌЕВИЌ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НЕНАД ЈАНИЌЕВИЌ
Адвокатска Комора
на Република Македонија



Почитуван претседателе, почитуван министре, драги гости, драги пријатели нотари на Република Македонија!

Чест и задоволство ми е во името на 1.600 адвокати во Република Македонија и во името на 2.500 адвокатски приправници и стручни соработници денес тука, во нивно име, да ве поздравам и да ви посакам многу вакви родендени.

Драго ми е што Нотарската комора на овој значаен ден има толку многу гости од странство и се надевам дека од година во година ќе имате уште поголем број странски гости. Адвокатурата е врзана симболично со нотаријатот. Се сеќавам кога уважениот колега гостин го спомна господинот Ди Канио, кој не толку далечната 2001 година беше тука и кој доста ви помогна за вашиот влез во Латинскиот нотаријат. Тука беа гости, односно таканаречени инспекции, да видат дали нотарите во Република Македонија можат да бидат примени во тоа латинско семејство.

Имав прилика, иако неформална, меѓутоа ние адвокатите не страдаме од формалности, да бидам присутен со ваша поголема делегација на завршен ручек, би рекол, каде што бев

повикан да кажам што мислат адвокатите во Република Македонија за една таква новина, за тоа уште неродено дете, кое денеска го славите вие - 10-годишнина. Она што го кажав, не би го повторил, тоа го знаете вие. А моето присуство денеска тука е само тенденција и доказ дека помеѓу адвокатите во Република Македонија и нотарите во Република Македонија владеат добри односи. Имавме случаи на некои недоразбирања, меѓутоа како што кажа претседателот, гледаме понапред, гледаме во иднината.

Колегата од Бугарија, вашиот драг гостин, кога кажа како функционираат нотарите кај нив, а и кај нас, ме потсети дека е ова свечен ден. Во тоа време, кога ги имавме тие мали недоразбирања, тогашниот претседател на Софиската адвокатска комора, неговата жена беше нотар. И во една прилика, кога тие беа наши гости на нашите собранија, ја прашавме како ги решаваат тие односите со нотарите, а таа ми одговори - јас спијам со нотарот. Ние не спиевме со нотари, меѓутоа ги решивме односите.

Посебно ми е задоволство и се надевам дека денеска требаше да бидам со нашите адвокати во посета на една наша пријателска адвокатска комора, како возвратна посета на нашето годишно собрание на кое имавме преку 22 делегации, меѓутоа сакав со личното мое присуство денеска да бидам на оваа ваша голема прослава. Печатот на адвокатска комора тука го оставаме, печатот кој го имате во рацете вие, нотарите, користете го секаде и во секоја прилика врз основа на законот, тука сме ние адвокатите да ви помогнеме во спроведувањето на она што значи легалитет, што значи законитост и што значи поголема професионалност. Се надевам дека адвокатите и нотарите во Република Македонија, потпомогнати од Министерството за правда, го кршат патот кон влезот на нашата земја во Европската Унија. Благодарам!

# Д-Р. ДИМКО МИЛЕНКОВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Д-р. ДИМКО МИЛЕНКОВ
Здружение на правници
на Република Македонија



Уважени колешки и колеги,
господине претседателе,
господине министре за правда!

Да бидам искрен, размислував дали да ви одземам од времето и да ви се обраќам јас со моето искажување, но господинот од Хрватска ме разубеди дека оваа 10-годишнина не може уште еднаш да се слави, па затоа си реков да ја искористам можноста да ви се обратам на оваа 10-годишнина, бидејќи на 40 или 50-годишнината можеби ќе бидам оправдано отсутен.

Јас сум овде во името на Здружението на правниците во Република Македонија. За тие што не ме познаваат, да кажам дека јас сум Димко Миленков, претседател на Здружението на правниците и оваа исклучителна прилика ја користам да ве поздравам, да ви посакам уште повеќе такви јубилеи, да ви посакам успешна работа во натамошниот период и да бидеме живи да се видиме на некои од следните јубилеи.

Зошто сум овде? Затоа што Здружението на правниците во Република Македонија и вашата асоцијација, Комората, соработуваат повеќе години наназад и тоа се изразува во повеќе форми на соработка, особено преку присуство на нашите средби на правниците што ги одржуваме напролет

и наесен во Охрид. Таму присуствуваат поголем број од вас, одреден број земаат и учество како презентери, односно предавачи. Одреден број од вас учествуваат со свои написи во нашето списание "Правник", така што имаме блиска соработка и мислам дека моето присуство овде е на вистинско место да се заблагодарам за соработката, а другото е да дадам иницијатива и дадам верба дека и понатаму ќе соработуваме во сите домени. Не би сакал да ви одземам време за тоа во кој период живееме, па која е улогата на правниците, која е улогата на нотарите, која е улогата на судиите, адвокатите итн., ние тоа сите го знаеме, која ние улогата, но треба само да бидеме истрајни, истрајни, истрајни, стручни и професионално да ја постигнеме целта, нашата држава да остварува навистина право. Да не се поведуваме од тоа што често пати, еве, слушам искажувања, дека правото и законитоста не се во мода, па јас често пати велам дека правниците не се помодари и не се снобови и нема да се подведуваат по таа мода, но ќе бидеме само упорни да ги остваруваме целите за коишто сме професионално и службено ориентирани.

И да ја искористам приликата, мала пауза, да ве поздравам и во името на мојата агенција, Агенцијата Академик, со којашто соработувате вие, за што ми е многу драго и мислам дека со вашата иницијатива, таа соработка и понатаму ќе биде поголема. Благодарам!



# ГОСТИ









# ГОСТИ









ПОЗДРАВНИ
ТЕЛЕГРАМИ



Почитуван господине Николовски!

Дозволете ми најискрено да Ви ја упатам мојата благодарност за поканата да присуствувам на Свечената седница и прославата по повод 10-годишнината од основањето на Нотарската комора на Република Македонија. Ја користам оваа свечена прилика Вам, лично, и на сите членови на Нотарската комора на Република Македонија да Ви го честитам овој јубилеј и да Ви посакам успешна и продуктивна работа. Ми претставува особена чест и задоволство да ја поддржам работата на сите нотари, членови на Нотарската комора на Република Македонија кои го даваат својот придонес во развојот, унапредувањето и афирмирањето на оваа самостојна, независна јавна служба како слободна, стручна и непристрасна. Убеден сум дека Нотарската комора на Република Македонија како и во изминатите 10 години постоење, така и во иднина ќе продолжи да дава исклучителен придонес и поттик за понатамошно следење на искуствата и современите тенденции од областа на нотарската дејност. Изразувајќи Ви благодарност за поканата како и искрена поддршка, молам да ги примите изразите на моето длабоко извинување за неможноста поради однапред преземени обврски да присуствувам на оваа свеченост. Дозволете на крајот уште еднаш да Ви упатам искрени честитки по повод 10-годишниот јубилеј и да Ви посакам успешна и продуктивна работа во иднина.

Со почит,
Бранко Црвенковски
Претседател
на Република Македонија

...аги колеги, посебно
...арност за вашата
...носта по повод
...нотаријатот, како
...блика Македонија.
...мора на Република
...дина на семинарот
...вото за правда на
...комора на
...излагање на
...увам дека сè
...на оваа средба.
...отаријатот како
...ја, имав
...о многу
...покрај
...ожност да
...на по повод
...а
...зација на

...од 11
...иот совет.
...ден ден
... да присуствувам
...ав во тоа. Во надеж дека
...да присуствувам на некоја наредна
...а средба и повторно да се сретнам со вас,
...читувани колеги од Република Македонија, сигурен
сум дека оваа ваша добро организирана средба ќе
отвори нови можности за усовршување на нотаријатот
како независна и јавна служба. Ви го честитам
јубилејот, со почит и срдечни поздрави.

Мусхин Билгие
нотар од Беаклу – Истанбул и почесен
претседател на Нотарската комора
на Република Турција



# ПИСМОТО ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ДРЖАВАТА, ГОСПОДИН БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ

**Почитуван господине Николовски!**

Дозволете ми најискрено да Ви ја упатам мојата благодарност за поканата да присуствувам на Свечената седница и прославата по повод 10-годишнината од основањето на Нотарската комора на Република Македонија. Ја користам оваа свечена прилика Вам, лично, и на сите членови на Нотарската комора на Република Македонија да Ви го честитам овој јубилеј и да Ви посакам успешна и продуктивна работа. Ми претставува особена чест и задоволство да ја поддржам работата на сите нотари, членови на Нотарската комора на Република Македонија кои го даваат својот придонес во развојот, унапредувањето и афирмирањето на оваа самостојна, независна јавна служба како слободна, стручна и непристрасна. Убеден сум дека Нотарската комора на Република Македонија како и во изминатите 10 години постоење, така и во иднина ќе продолжи да дава исклучителен придонес и поттик за понатамошно следење на искуствата и современите тенденции од областа на нотарската дејност. Изразувајќи Ви благодарност за поканата како и искрена поддршка, молам да ги примите изразите на моето длабоко извинување за неможноста поради однапред преземени обврски да присуствувам на оваа свеченост. Дозволете на крајот уште еднаш да Ви упатам искрени честитки по повод 10-годишниот јубилеј и да Ви посакам успешна и продуктивна работа во иднина.

Со почит,
**Бранко Црвенковски**
**Претседател**
**на Република Македонија**

# ПИСМОТО ОД ТУРЦИЈА



Истанбул, 10 јуни 2008 година

Почитуван претседателе, драги колеги, посебно сакам да изразам голема благодарност за вашата покана да присуствувам на свеченоста по повод 10-годишнината од основањето на нотаријатот, како независна и јавна служба во Република Македонија. Како претставник на Нотарската комора на Република Турција, на 24 и 25 ноември 1998 година на семинарот организиран од страна на Министерството за правда на Република Македонија и Нотарската комора на Република Македонија, учествував со излагање на темата "Нотарска професија" и ве уверувам дека с уште со гордост и возбуда се сеќавам на оваа средба. На оваа средба, на втемелувањето на нотаријатот како независна и јавна служба во вашата земја, имав можност да се запознам и спријателам со многу колеги, кои пријателства траат и денес. И покрај моите големи желби, за жал не сум во можност да присуствувам на оваа свеченост организирана по повод 10-годишнината од Нотаријатот на Република Македонија. Ова е поради тоа што во организација на постојаниот Совет на меѓународната унија на Латинскиот нотаријат во Букурешт во периодот од 11 до 14 јуни учествувам како член на постојаниот совет. И покрај моите обиди да најдам можност еден ден порано да се вратам од Букурешт и да присуствувам на вашата свеченост, не успеав во тоа. Во надеж дека ќе имам прилика да присуствувам на некоја наредна ваша стручна средба и повторно да се сретнам со вас, почитувани колеги од Република Македонија, сигурен сум дека оваа ваша добро организирана средба ќе отвори нови можности за усовршување на нотаријатот како независна и јавна служба. Ви го честитам јубилејот, со почит и срдечни поздрави.

**Мусхин Билгие**
нотар од Беаклу - Истанбул и почесен претседател на Нотарската комора на Република Турција

# ОД ПРОСЛАВАТА













## ПРИЕМ ВО ЛАТИНСКИ НОТАРИЈАТ ВО









АТИНА, РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА, 30. 09 2001.





# СОСТАВИ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИ ОДБОРИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ПОРАНЕШНИ ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. **ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА** • Поранешен претседател на Нотарска Комора на РМ
2. **НИКОЛА КАЈЧЕВСКИ** • Поранешен претседател на Нотарска Комора на РМ
3. **ЗЛАТКО НИКОЛОВСКИ** • Претседател на Нотарска Комора на РМ

## ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1998-1999)

1. **ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА** • Претседател на Управен Одбор
2. **МЕРИ ВЕСОВА**
3. **ВИОЛЕТА АНГЕЛОВСКА**
4. **НАЏИ ЗЕЌИРИ**
5. **ЧЕДО ИВАНОВ**
6. **ЗЛАТКО НИКОЛОВСКИ**
7. **СЛОБОДАН ПОПОВСКИ**
8. **ЕЛИЗАБЕТА СТАНОЕВИЌЃОКИЌ**
9. **ЈАНКО МИЛУШЕВ**

## ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1999-2002)

1. **НИКОЛА КАЈЧЕВСКИ** • Претседател на Управен Одбор
2. **ВИОЛЕТА АНГЕЛОВСКА**
3. **ВЕСЕЛИНКА ДЕРЕБАНОВА КРСТЕВСКА**
4. **СВЕТЛАНА ПЕТРОВСКА**
5. **СВЕТЛАНА ЛАЗАРЕВИЌ**
6. **НАДА ПАЛИЌ**
7. **ЗЛАТКО НИКОЛОВСКИ**
8. **МИХАИЛ ЌОСЕВ**
9. **ЧЕДО ИВАНОВ**
10. **ЈАНКО МИЛУШЕВ**
11. **НАЏИ ЗЕЌИРИ**
12. **САШО ЃУРЧИНОВСКИ**

13. **ВАСИЛ КУЗМАНОВСКИ**
14. **МИЈАЛЧО ЦОНЕВСКИ**
15. **ДРАГАН ГЕОРГИЕВ**

## ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (2002-2005)

1. **НИКОЛА КАЈЧЕВСКИ** • Претседател на Управен Одбор
2. **ЗЛАТКО НИКОЛОВСКИ**
3. **ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА**
4. **МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ**
5. **САШО ЃУРЧИНОВСКИ**
6. **ЧЕДО ИВАНОВ**
7. **ЈАНКО МИЛУШЕВ**
8. **МЕНЧЕ ЗЛАТКОВСКА**
9. **НАДА ПРОЧКОВА**
10. **ГОРДАНА ДЕСКОСКА**
11. **ВИОЛЕТА АНГЕЛОВСКА**
12. **ВЕСЕЛИНКА ДЕРЕБАНОВА КРСТЕВСКА**
13. **ЗУЛФИЌАР СЕЈФУЛАИ**
14. **ИВО СЕРАФИМОВСКИ**
15. **НАДА ПАЛИЌ**

## ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (2005-2008)

1. **ЗЛАТКО НИКОЛОВСКИ** • Претседател на Управен Одбор
2. **ВИРЃИНИЈА БАУТА**
3. **СОЊА БОЖИНКОЧЕВА**
4. **ГОРДАНА ДЕСКОСКА**
5. **НАЏИ ЗЕЌИРИ**
6. **МАРЈАН КОЦЕВСКИ**
7. **ПЕТАР МИТКОВ**
8. **ЛЕНКА ПАНЧЕВСКА**
9. **ЗУЛФИЌАР СЕЈФУЛАИ**

Сегашни членови на Управен одбор на Нотарска Комора на Република Македонија

















# ОД ДОДЕЛУВАЊЕТО НА НАГРАДИТЕ

# НАГРАДИ И ПОФАЛБИ НА НОТАРИ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ДРУГИ ЛИЦА

# МЕДАЛИ



ЗЛАТКО НИКОЛОВСКИ



ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА

НИКОЛА КАЈЧЕВСКИ

# ПОЧЕСНИ МЕДАЛИ

## КОМОРИ

ХРВАТСКА ЈАВНОБИЉЕЖНИЧКА КОМОРА

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

НОТАРИАЛНА КАМАРА НА РЕПУБЛИКА БАЛГАРИЈА

НОТАРСКА КОМОРА ФЕДЕРАЦИЈА БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ

НОТАРСКА ЗБОРНИЦА СЛОВЕНИЈЕ



## ФРАНКОФОНИЈА • ИРЕНЕ

# ЛИЧНОСТИ



ДРАГАН ТУМАНОВСКИ



АРСЕН ЈАНЕВСКИ



РАНКО МАКСИМОВСКИ





















# ОД ДОДЕЛУВАЊЕТО НА НАГРАДИТЕ

# ПЛАКЕТИ



НАДА ПАЛИЌ



СВЕТЛАНА ПЕТРОВСКА



МИЛЕНА КАРТАЛОВА



МЕРИ ВЕСОВА



МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ



СВЕТЛАНА ЛАЗАРЕВИЌ



ПЕТАР МИТКОВ



ВИОЛЕТА АНГЕЛОВСКА



ВЕСЕЛИНКА ДЕРЕБАНОВА КРСТЕВСКА



ЛЕНКА ПАНЧЕВСКА



НАДА ПРОЧКОВА



ДРАГАН ГЕОРГИЕВ



МАРЈАН КОЦЕВСКИ



ЗУЛФИЌАР СЕЈФУЛАИ



ЧЕДО ИВАНОВ



ГОРДАНА ДЕСКОВСКА



ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ



ВИРЃИНИЈА БАУТА



САШО ЃУРЧИНОСКИ



СОЊА БОЖИНКОЧЕВА



ЈАНКО МИЛУШЕВ



**НАЏИ ЗЕКИРИ**



**ИВО СЕРАФИМОВСКИ**



**МИЈАЛЧО ЦОНЕВСКИ**



МЕНЧЕ ЗЛАТКОВСКА



ТЕОФИЛ ТОМАНОВИЌ



ФИДАНЧО СТОЕВ

**ЕЛИЗАБЕТА ЃОКИЌ**

**РИСТО ЛИЈАКОВСКИ**

**СЛОБОДАН ПОПОВСКИ**














# ОД ДОДЕЛУВАЊЕТО НА НАГРАДИТЕ











# БЛАГОДАРНИЦИ



СНЕЖАНА САРЏОВСКА



ВЕРИЦА СИНАДИНОВСКА



БИЉАНА ПЕЦОВСКА



АГРОН ЧУТРА



ТОДОР БОШКОВСКИ



ЕМИЛИЈА ХАРАЛАМПИЕВА



МАТИЛДА БАБИЌ



ЉУБИЦА МОЛОВСКА

# ЗЛАТНИЦИ

01. ВИОЛЕТА АНГЕЛОВСКА
02. МАТИЛДА БАБИЌ
03. ТОДОР БОШКОВСКИ
04. МЕРИ ВЕСОВА
05. НАЏИ ЗЕЌИРИ
06. ЧЕДО ИВАНОВ
07. МИЦЕ ИЛИЈЕВСКИ
08. МИЛЕНА КАРТАЛОВА
09. ВАСИЛ КУЗМАНОВСКИ
10. СВЕТЛАНА ЛАЗАРЕВИЌ
11. ТРАЈКО МАРКОСКИ
12. АНИЦА МАНЏУКОВА
13. ЉУБИЦА МОЛОВСКА
14. ЗЛАТКО НИКОЛОВСКИ
15 НАДА ПАЛИЌ
16. СЛОБОДАН ПОПОВСКИ
17. ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА
18. СНЕЖАНА САРЏОВСКА
19. ВЕРИЦА СИМОНОВСКА СИНАДИНОВА
20. ЕМИЛИЈА ХАРАЛАМПИЕВА
21. ИСА АЈДИНИ
22. МИЛЕ АНДОНОВСКИ
23. СОЊА БОЖИНКОЧЕВА
24. ВЕСНА ВАСИЛЕВСКА
25. ДРАГАН ГЕОРГИЕВ

26. БОГЕ ДАМЕСКИ
27. ГОРДАНА ДЕСКОСКА
28. ЉУБОМИР ДОНЕВСКИ
29. СНЕЖАНА МАРКОВСКА ДОЈЧИНОВА
30. ЈОВАН ЃОРЃОВСКИ
31. МАРИЈА ЃОРЃИОСКА
32. САШО ЃУРЧИНОВСКИ
33. МЕНЧЕ ЗЛАТКОВСКА
34. МОМАНА ИВАНОСКА
35. ВЕРА КАРАМАНДИ
36. НИКОЛА КАЈЧЕВСКИ
37. ЛИЛА КОРУНОСКА
38. ВЕСЕЛИНКА ДЕРЕБАНОВА КРСТЕВСКА
39. РИСТО ЛИЈАКОВСКИ
40. ЕМИЛИЈА МАНОЛЕВА
41. ЈОРДАНКА МИТЕВСКА
42. ТОМИСЛАВ МЛАДЕНОВСКИ
43. ЈАНКО МИЛУШЕВ
44. СТОЈМИР НИКОЛОВ
45. ВЕРИЦА ПАНОВА
46. РИСТО ПАПАЗОВ
47. НАДА ПРОЧКОВА
48. БИЛЈАНА ПЕЦОВСКА
49. МИЈАЛЧО ЦОНЕВСКИ
50. СЛАВЈАНКА АНДРЕЕВА

51. ВИРЃИНИЈА БАУТА
52. СЕВИМ ДЕСТАНИ
53. ВЕСЕЛИНКА ЗДРАВКОВА
54. АРИФ ИБРАИМИ
55. БИЛЈАНА ДАМЈАНОВСКА ЈАНЧЕВСКА
56. ИРФАН ЈОНУЗОВСКИ
57. ИСКРА КИРОВСКА
58. МАРЈАН КОЦЕВСКИ
59. СОЊА КАТРАНЏИСКА КИМОВА
60. ЛЕНКА МИЦАЈКОВА
61. ЕЛЕНА МАРТИНОВА
62. МЕКСУД МАКСУД
63. СВЕТЛАНА ПЕТРОВСКА
64. ВЕСНА ПАУНОВА
65. ЗУЛФИЌАР СЕЈФУЛАИ
66. БОРИВОЈ СТОЈКОСКИ
67. ИВО СЕРАФИМОВСКИ
68. ЕЛИЗАБЕТА СТОЈАНОСКА
69. ЈОВАН СТОЈЧЕВ
70. РИСТО САМАРЏИЕВ
71. ТАНА ТОПАЛОСКА
72. АГРОН ЧУТРА
73. ХАКИЈА ЧОЛОВИЌ



# ГРУПЕН ПОРТРЕТ



НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE
































# СВЕЧЕНА













# ВЕЧЕРА















# СВЕЧЕНА













# ВЕЧЕРА

















# СВЕЧЕНА







# ВЕЧЕРА





НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE